# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2025 година

**Изработила** : Биљана Марковска
Раководител на
Одделение за јавни дејности

**Разгледува**: Комисија за јавни дејности
**Донесува**: Совет на општина Берово

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 16 став 1 точка 5, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19 и 47/21), Советот на Општина Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година, донесе:

# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2025 година

## I ВОВЕД

Со Законот за локалната самоуправа, утврдени се надлежностите на локалната самоуправа во областа на културата и тие се дефинирани како институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво.

Со оваа Програма се утврдува локалниот интерес во културата, соодветен на специфичноста и развојните потреби на локалната заедница – Општина Берово и истовремено компатибилен со целите, стратегијата, општите и посебните приоритети, кои се однесуваат на локалната заедница.

Годишната програма се предлага во рамки на надлежностите на Општината утврдени со Законот за Локалната самоуправа за негување на културните вредности, организирање на културните манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво кои се од јавен интерес и локално значење за граѓаните во единиците на локалната самоуправа, при што:

- Локалниот интерес во културата, неговиот обем и неговото остварување, се утврдуваат со општите акти на единиците на локалната самоуправа, се финансираат согласно со програмата за култура што ја донесува советот на единиците на локалната самоуправа, согласно со закон.

Културните настани и манифестации значително ја зголемуваат туристичката понуда на Берово како туристичка дестинација.

## II НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за култура е подготвена во координација со претставниците од Одделението за јавни дејности, граѓаните и граѓанските организации, со што се овозможи граѓаните да бидат вклучени во процесот на одлучување и преку свои предлози и идеи за проекти и активности таа да претставува отсликување на потребата на граѓаните.

## III ЦЕЛИ

Програмата ги дефинира целите на културната политика на општина Берово кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно, тие да се во функција на културниот развој.

Програмата за култура го дефинира локалниот интерес во културата преку поддршка на современи и нови форми на делување во областа на културата и уметноста, поддршка на веќе потврдените вредности во културата и уметноста, поддршка и поттикнување на различните форми на традиционални изразувања, негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје промоцијата на културното наследство со што ќе им се овозможи на сите граѓани рамноправно да учествуваат во културата и во културните случувања како творци и како корисници.

Основни цели на Програмата на Општина Берово од областа на културата се:

- Доближување на културата до сите граѓани.

- Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на граѓаните.

-Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;

- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Северна Македонија и странство;

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови ;

-Квалитетен културен живот на ниво на општината со обезбедување на богата, разновидна програма за сите возрасти;

-Афирмација на културните разноликости на припадниците на етничките заедници;

## IV ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ И ДРУГИ НАСТАНИ ОД КУЛТУРАТА

Активностите кои се предвидени со Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2025 година, што се финансираат од буџетот на Општина Берово  за 2025 година и од други извори, се зема во предвид дека активностите предвидени со Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во Општина Берово се составен дел од оваа програма.

Општина Берово аплицираше на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата, по одделни области и активности од културата за 2025 година, и тоа за областите:

- <u>**Манифестации и фестивали од национален интерес во културата**</u>

-Еднодневни фолклорни манифестации фестивали

**„ЕТНО ПЛОШТАД ФЕСТИВАЛ 2025 ГОДИНА- ФОЛКЛОРНА ВЕЧЕР“**

-Музичко – сценски манифестации / фестивали со традиција и континуирано одржување до 20 години

**„ ЛЕТНА КУЛТУРА ЗА БЕРОВО“**

- <u>**Музичката и музичко-сценската дејност**</u>

-Прв солистички концерт со или без придружба

**„ КОНЦЕРТ НА ЦВЕТАНКА СОЗОВСКА – ЧЕМБАЛО“**

од каде се очекува Министерството да финансира голем дел од активностите предвидени во програмата.

Со цел, учество на граѓанскиот сектор во креирање на Буџетот на Општина Берово и унапредување и развоја на општината според мерка на граѓаните, како и успешна реализација на Програмите за 2025 година, Општина Берово објави Јавен повик за прибирање на предлог – проекти од страна на Здруженија на граѓани.

| Празници, манифестации, настани | Активности | Носители на активноста | Извори на средства | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ЕЛС | Други извори |
| ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ И ДРУГИ НАСТАНИ | | | | |
| Водици | Подарок за лицето кое ќе го фати крстот | Општина Берово | 10.000,00 | |
| 1 Април<br>Детски маскембал со учество на децата од детската градинка и основните училишта | Дефиле на учесниците | Детска градинка „23 Август“ Берово;<br>ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово;<br>ООУ„Никола Петров Русински“ с. Русиново; | | |
| Одбележување на најголемиот христијански празник - Велигден | Организирање изложба на најубаво украсени велигденски јајца и избор на најцврсто велигденско јајце | Дом на култура;<br>Детска градинка „23 Август“ Берово;<br>ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово;<br>ООУ„Никола Петров Русински“ с. Русиново;<br>ОСУ„Ацо Русковски“ Берово | 60 000,00 | |
| Традиционална маалска средба – населба Јуруко, Берово | Поддршка во организирањето на Традиционална маалска средба – населба Јуруко, Берово | Општина Берово<br>Организатори на Традиционална маалска средба | 50.000,00 | |
| Концерт на Цветанка Созовска - чембало | -Одржување на „Концерт на Цветанка Созовска – чембало“<br>-Презентација на инструментот чембало на учениците од основните и средното училиште | Општина Берово<br>ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово;<br>ООУ„Никола Петров Русински“ с. Русиново;<br>ОСУ„Ацо Русковски“ Берово | 70.000,00 | Министерство за култура |
| 23 август<br>Ден на ослободувањето на Берово | Свечена академија со културно - уметничка програма | Општина Берово<br>Дом на култура | 600 000,00 | |
| ЕТНО ПЛОШТАД ФЕСТИВАЛ | Културна манифестација | Општина Берово<br>Дом на култура | 3 000 000,00 | Министерство за култура |
| 3 декември<br>Ден на лицата со посебни потреби | Културно-уметничка програма во Дневен центар за лица со посебни потреби | Општина Берово во соработка со Дом на култура„Димитар Беровски“,<br>ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово,<br>ООУ„Никола ПетровРусински“с.Русиново, Берово;<br>ОСУ„Ацо Русковски“Берово | | |
| Новогодишна програма за деца и ученици | -пречек на Дедо Мраз<br>-новогодишен хуманитарен караван | Општина Берово | 50 000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Останати настани, манифестации и ликовни изложби | | Општина Берово | 300 000,00 | |
| Пилот фестивал „Мале Мале“ 2025 | -Проценка на нивото на развој на културата во малешевијата<br>-Поетски дел<br>-Уметнички дел<br>-Беровско културно лето | Самостоен уметник писател СИВЕЈАН Тихомир Методи Јанчовски ТП Скопје во соработка со општина Берово | 50.000,00 | |
| ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ ОД ОПШТИНАТА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ОД ЗНАЧЕЊЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО | | | | |
| Здруженија на граѓани | План на активности поднесен од организациони одбори | Здруженија на граѓани | 200 000,00 | ЗГ |
| Ратевски бамбурци | План на активности поднесен од организациони одбори | Здружение на граѓани Ратевски Бамбурци | 100 000,00 | ЗГ |
| ДРУГИ ПОСЕБНИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА<br>со оваа активност се регулираат постапки кои се однесуваат за посебни активности пред се во областа на логистичка и техничка поддршка во реализација на програмата. | | | | |
| Изработка на промотивен материјал за промоција на Берово | | Општина Берово | 400 000,00 | |
| Опрема за специјални намени-трошоци за изнајмување на бина, озвучување и осветлување | | Општина Берово | 800 000,00 | |
| Набавка на мобилни тоалети за разни настани | | Општина Берово | 150 000,00 | |
| Професионално обезбедување на културни настани и манифестации | | Општина Берово | 50 000,00 | |
| Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации | | Општина Берово | 150 000,00 | |
| Надворешен водоотпорен Целосно колор LED дисплеј / LED видео дисплеј | Промоција на туризам, културни настани од локално ниво и информации | Општина Берово | 980.000,00 | |
| | | | **7.020.000,00** | |
| **Вкупно** | **7.020.000,00 денари** | | | |

## V ДРУГИ ВИДОВИ КУЛТУРНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

Локалната самоуправа обезбедува поддршка, освен на културните манифестации и на други видови на културни програми и проекти – помали или поединечни програми и

проекти од културата и уметничкото творештво и културно – уметничката презентација (ликовни изложби, промоции на книги, музички концерти, драмски или друг вид на претстави и сл.програми за одбележување на значајни настани), како и по повод протоколарните настани во локалната самоуправа. Оваа поддршка се обезбедува врз начелата, општите и посебните цели на оваа Програма.

## VI ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **7.020.000,00** денари е предвидено во Буџетот на Општина Берово за 2025 година Програмата К4 –Културни манифестации и творештво на Буџетот на Општината и Министерството за култура на Република Македонија. Определени средства и финасии можат да бидат обезбедени од повисоко ниво на власт, спонзорства и донации.

За одредени активности кои не се содржани во Програмата, а за кои што Советот на Општина Берово, на предлог на Градоначалникот ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Берово.

Предвидените културни настани ќе бидат реализирани од страна на општинската администрација, културните институции Домот на културата и Музеј на град Берово, со поддршка од основните, средното училипште и детската градинка на територијата на општината, како и граѓанскиот сектор.

## VII ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во делот на активностите за организирање и поддршка на манифестации таа претставува продолжување на традиционални настани и манифестации кои се одржуваат во општината и кои се најзин белег. Посветено е внимание притоа настаните и манифестациите да го задржат карактерот на културниот идентитет на општината кој се одликува со традиционални вредности на меѓунационален и меѓурелигиски соживот притоа потенцирајќи ги и вредностите кои општината ги има од аспект на културно-историското минато и функционалноста кон потребите на заедницата.

Поддршката пак на институциите е допринос кој треба на истите да им помогне во профилирањето како места од каде директно ќе се практикува културата. Според нашите сознанија и искуства потребно е подиректно вмрежување на овие институции

со цел нивните вредности кои ги промовираат да бидат ставени во функција во развој на културниот живот во општината.

Општината во рамките на своите надлежности во соработка со Домот на културата, Музеј на град Берово, се стреми богатството од многуте културно – историски споменици да биде подостапно за граѓанинот на општината, зашто истиот по наше убедување е најдобриот промотор на културниот капацитет на општината.

Изработката на промотивен материјал за афирмирање на културно – историско богатство на општината е од базично значење за општината како во насока на сопствена промоција на културата, така и во насока на поддршка и развој на туризамот како основна стратешка определба.

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово”.

Со влегувањето во сила на оваа Програма, престанува да важи „Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата  за 2025 година“ со број 09-3939/1 од 28.11.2024 година.

Број 09-4175/1
18.12.2024 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
с.р.  Петар Ружински